# ЕКСПЕРИМЕНТАЛНА ВАКЦИНА ПРОТИВ РАК НА ДОЈКА



Истражувањата спроведени во САД сугерираат дека експерименталната вакцина против рак на дојка може кај повеќето жени да го продолжи очекуваното траење на животот. Научниците објаснуваат дека вакцината е замислена како поттик на имунолошкиот систем поактивно да се вклучи во борбата против ракот на дојка. Вакцината е тестирана на 163 пациенти чии тумори го генерираат протеинот наречен HER-2. По 30 месеци следење на жените што ја примиле вакцината, утврдено е дека неговата примена е поврзана и со двојно намален ризик за враќање на карциномот по привремено повлекување. Истражувачите планираат нови тестирања на повеќе испитаници.